превземено од w w w . p r a v o . o r g . m k

# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНИОТ ФОНД ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА “ПРОЕКТОТ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ЈУЖНИТЕ И ИСТОЧНИТЕ РЕГИОНИ”

**Сл. Весник на Р.Македонија бр. 7/97 од 20.02.1997 година**

**Член 1**

Република Македонија се задолжува кај Меѓународниот фонд за развој на земјоделството со кредит во износ од 5,65 милиони Специјални права на влечење (8,15 милиони САД долари) за реализација на Проектот за рурален развој на Јужните и Источните региони.

**Член 2**

Условете и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон ќе се утврдат со договор кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународниот фонд за развој на земјоделството.

Во име на Република Македонија договорот од став 1 на овој член ќе го потпише Министерот за финансии.

**Член 3**

Рокот на отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 40 години вклучувајќи грејс период од десет години. Кредитот се отплатува во 59 еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 април и 15 октомври секоја година, почнувајќи од 15 октомври 2006 година и заклучно со 15 октомври 2035 година и една рата која ќе пристигне на 15 април 2036 година.

Кредитот е без камата, а на неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија во износ од три четвртини од еден процент годишно.

Провизијата од став 2 на овој член ќе се плаќа полугодишно на 15 април и 15 октомври секоја година.

**Член 4**

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплатува со средствата на Буџетот на Република Македонија, кои ќе се формираат со отплата на кредитот од страна на крајните корисници.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.